**Известување за концентрација со која АикГруп (КИ) Лимитед, Лимасол, Кипар ќе стекне единствена контрола над Подравска банка д.д., Република Хрватска**

**(предмет бр. 08-104/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 23.06.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АикГруп (КИ) Лимитед (*AikGroup (CY) Limited*) со регистрирано седиште на Крину 3, Д Овал, Стан/Канцеларија 502, 4103 Агиос Атанасиос, Лимасол, Кипар има намера да стекне единствена контрола над Подравска банка д.д. (*Podravska banka d.d.*), со регистрирано седиште во Опатичка 3, 48000 Копривница, Република Хрватска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**АикГруп (КИ) Лимитед** е кипарско приватно друштво со ограничена одговорност, основано на 16 март 2011 година според кипарскиот Закон за трговски друштва, Глава 113.

АикГруп (КИ) Лимитед е финансиско холдинг друштво кое е краен финансиски холдинг на банкарската група – 'банкарска групација АикГруп' – активна во финансискиот сектор, вклучувајќи банкарско, брокерско и берзанско работење, првенствено на српскиот, словенечкиот и црногорскиот пазар.

АикГруп (КИ) Лимитед има еден поврзан субјект во Република Северна Македонија:

-МК Сунтастик ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански одреди 155/1, ЕМБС 7838034 и приоритетна дејност 35.120 – Производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

Што се однесува до приходите генерирани од МК Груп во Република Северна Македонија, тие се остварени од прекугранична продажба на месни производи, замрзнат зеленчук и шеќер преку друштва со седиште во Србија – ПИК Бечеј (*PIK Bečej*), Суноко/Кристал Суноко (*Sunoko/Kristal Sunoko*) и Карнекс (*Carnex*).

**Подравска банка д.д.** е хрватска универзална банка која нуди банкарски и други финансиски услуги во Република Хрватска.

Подравска банка нуди широк спектар на производи и услуги за малопродажни клиенти (физички лица) и корпоративни клиенти (мали, средни и големи претпријатија), вклучувајќи тековни и депозитни сметки, услуги за плаќање, кредитирање, брокерски и старателски услуги, благајнички и девизни услуги, како и дистрибуција на инвестициски фондови и производи за пензиско штедење.

Подравска банка д.д. нема зависни друштва, подружници или претставништва во Република Северна Македонија, ниту пак остварува промет во Република Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како пазар за обезбедување банкарски услуги.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

26.06.2026 година

Скопје